РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03 - 2265/2
од 16.09. .2020год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Крстец, КО Крстец, Општина Прилеп.

Планскиот опфат го опфаќа селото Крстец, на подрачјето на КО Крстец, Општина Прилеп. Границата на планскиот опфат може да се опише:

- На север границата започнува од точката број 1, на крајниот север на локацијата и се движи во источен правец долж границите на КП1064, КП 237, КП 236, КП 235, КП 229, ја допира КП 228, па продолжува долж границите на КП 227/1, КП 226, КП 238, КП 1067
- На исток границата започнува од точката број 2 и се движи во јужен правец долж границите на КП 260, ја сече КП 1070, па продолжува долж границите на КП263, ја сече КП 263, па продолжува долж границите на КП258, КП 265/2, КП 267, КП 1067, ја сече КП 1067, па продолжува долж границите на КП246/3, ја сече КП 1060/1, па продолжува долж границите на КП270, КП 271, КП272, КП 273, КП 274/1, КП 279, КП 280, КП 289, КП 290, КП291
- На југ границата започнува од точката број 3 на крајниот југ на локацијата и се движи во западен правец долж границите на КП291, ја сече КП 1072/1, па продолжува долж границите на КП298, КП 299, КП 300, КП 301, ја сече КП 1063, па продолжува долж границите на КП487, КП 486, КП 485, ја сече КП 1060/1
- На запад границата започнува од точката број 4 на крајниот запад на локацијата и се движи во северен правец долж границите на КП1060/1, КП 368, КП 351, КП 352, КП 348, КП 346/1, ја сече КП 1067, КП 1073, КП 1064

Главниот пристап до опфатот е преку општински пат кој напуштајќи го опфатот на јужниот крај на околу 7,0КМ вон планскиот опфат се надоврзува на магистралниот пат А (А1 106 ) (делница Градско –Прилеп , врска со А3).

Од и кон селото постои патен правец кон околното населено место и тоа: од јужниот крај на опфатот има правец кон с. Ореовец. Микролокацијата лежи на терен на надморска височина помеѓу 1060 и 1095 м.н.в. Селото Крстец се наоѓа на планината Бабуна, оддалечено околу 13 км северо-источно од градот Прилеп. Површината на планскиот опфат изнесува 66147.3357m2

Јавна анкета и јавната презентација по Предлог Урбанистички план за село Крстец, КО Крстец, Општина Прилеп, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 23.09.2020г. до 29.09.2020г. секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавна презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.09.2020 година во 13:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Илија Јованоски